С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес Излегува по потреба	**Број 5 година XL** **1 октомври 2004**	Претплата за 2004 година -500 ден. **жиро с-ка 300-2700000041-45**

.78.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за поставување споменик на Велешките илинденци

Се прогласува Одлуката за поставување споменик на Велешките илинденци, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2004 година.

Број 0801-1894/3
30 септември 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1,точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 23,став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28 септември 2004 година, донесе

О Д Л У К А
за поставување споменик на Велешките илинденци

Со оваа Одлука се утврдува потребата за поставување, локација и постапка за изградба на споменик на Велешките илинденци.

Член 2

Спомеикот на Велешките илинденци се поставува по повод 102 годишнината од Илинденското востание во знак на почит кон велешаните кои учествувале во Илинденската епопеја во идеолошкото организирање, подготовките, оружените акции и Илинденското востание.

Член 3

Локацијата за поставување на спомеикот се одредува во централното градско подрачје на Велес, во ротондата (кружниот тек) на плоштад „Маршал Тито". Спомеикот претставува бронзена скулптура на илинденец во комитска облека на коњ што е заедничка одлика на сите македонски херои од Илинденската епопеја.

Член 4

За реализација на оваа Одлука се формира Комисија во состав:

-диа Соња Пренџова Јуруковска - претседател;

-Александар Попов Сашко, академски сликар - член;

-Спасе Перовски, академски сликар - член;

-Војко Јаневски - акаденски скулптор - член; и

-Борче Стојановски - м-р по сликарство - член.

-Слободан Ников, дипл. Историчар - член

-Трајче Јовановски, академски сликар член.

Средствата потребни за спроведување на постапката од претходниот член ќе се обезбедат од донации и од Буџетот на Општина Велес и средства од донации.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Бр. 0701-1887/4
28.09.2004 год.
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

79.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за купување недвижен имот-куќа

Се прогласува Одлуката за купување недвижен имот-куќа, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2004 година.

Број 0801-1894/4
30 септември 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1,точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28 септември 2004 година, донесе

О Д Л У К А
За купување недвижен имот - куќа

Член 1

Со оваа Одлука се врши купување на недвижен имот куќа, сопственост на *Стопанска банка* АД Скопје, филијала Велес (куќата во која живеел и работел Јордан Хаџи Константинов Џинот). Куќата согласно мислењето на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата е недвижно културно наследство од старата градска велешка архитектура, заведено во Централниот регистар на недвижни споменици на културата.

Член 2

Куќата од претходниот член на оваа Одлука се наоѓа во Велес, на ул. „9-ти Ноември" бр.54, КО Велес, парцела 9168, ИЛ бр. 8174, со дворно место во површина од 115 м2 и површина под објект од 156м2.

Член 3

Дел од средствата во износ од 300.000 денари потребни за реализирање на оваа Одлука се обезбедуваат од Буџетот на Општина Велес, а остатокот од други извори.

Член 4

Намената на куќата е Спомен - куќа музеј, посветен на ЈХК Џинот која ќе се користи како резиденционален објект на Општина Велес, уреден во стилот на велешката старогрдска куќа.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1887/5
28.09.2004 год.
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

80.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за востановување 9-то ноемвриски награди и признанија на Општина Велес

Се прогласува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за востановување 9-то ноемвриски награди и признанија на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2004 година.

Број 0801-1894/9
30 септември 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.09.2004 година, ја донесе следната.

О Д Л У К А
за изменување и дополнување на Одлуката за востановување и доделување 9-то ноемвриски награди и признанија на Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за востановување и доделување 9-то ноемвриски награди и признанија на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.7/97 и 7/01) се вршат измени и дополнување:

- зборот „награди" во насловот на одлуката и во целиот текст од истата се брише.

Член 2

Текстот од членот 2 се брише и се заменува со:

„Член 2

Признанијата се доделуваат во форма на плакети, пофалници и благодарници".

Член 4

Во членот 3 ставот 1 се брише.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1887/10
28.09.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

81.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2004 година.

Број 0801-1894/5
30 септември 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 7 од Законот за комунални дејности („Сл.весник на РМ" бр.45/97, 23/99 и 45/02), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.09.2004 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес (пречистен текст)

Член 1

Ставот 2, на член 75 од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес (пречистен текст) („Сл.гласник на Општина Велес" бр.2/04), се брише и се заменува со нов став 2:

„Жалбата против решението на Комуналниот инспектор може да се поднесе до Комисијата за решавање на управна постапка во втор степен за работи од комуналната област при Владата на Република Македонија."

Член 2

Оваа Одлука стапува во сила осум дена по денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1887/6
28.09.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

82.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на нов објект на театар во Велес

Се прогласува Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за

уредување на градежно земјиште за изградба на нов објект на театар во Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2004 година.

Број 0801-1894/6
30 септември 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03) и Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година бр.0701-1887/2 од 28.09.2004 година,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.09.2004 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на нов објект Театар во Велес

Член 1

Инвеститорот за изградба на театарска зграда во Велес - Националната установа Центар за култура „ЈХК-Џинот" Велес се ослободува од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на нов објект Театар „Јордан Хаџи Константинов-Џинот" во Велес.

Член 2

Локацијата на објектот Театар од претходниот член на оваа Одлука е на ул.„Благој Ѓорев" на КП бр.1853 - дел, 1855 - дел.

Член 3

Износот на средствата за плаќање на надоместок од кои се ослободува Националната установа Центар за култура „ЈХК-Џинот" Велес е учество на Општина Велес во изградбата на нов објект Театар „ЈХК-Џинот".

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес"

Број 0701-1887/7
28.09.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

83.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на училишна зграда во населено место с.Горно Оризари

Се прогласува Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на училишна зграда во населено место с.Горно Оризари, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2004 година.

Број 0801-1894/7
30 септември 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1,точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 23,став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03) и Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 год. Бр. 0701-1887/2 од 28.09.2004 год.,.

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.09.2004 година, донесе

О Д Л У К А
за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на училишна зграда во населено место Горно Оризари

Член 1

Министерството за образование се ослободува од плаќање надоместок за уредување градежно земјиште за изградба на училишна зграда во населено место Горно Оризари, Велес.

Член 2

Локацијата за изградба на училишната зграда од претходниот член на оваа Одлука се утврдува во населено место Горно Оризари, во непосредна близина на ракометното игралиште.

Член 3

По ставањето во употреба на новата училишна зграда, објектот на постоечката училишна зграда ќе се пренамени во Дом на културата и ќе премине во сопственост на Општина Велес.

Член 4

Висината на надоместокот уредување на градежно земјиште за изградба на училишна зграда во населено место Горно Оризари е учество на Општина Велес во изградбата на објектот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701- 1887/8
28.09.2004 год.
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

84.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за преотстапување на основно средство патничко моторно возило "Застава 128"

Се прогласува Одлуката за преотстапување на основно средство патничко моторно возило "Застава 128", што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28 септември 2004 година.

Број 0801-1894/8
30 септември 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 10 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.09.2004 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за преотстапување без надоместок на патничко моторно возило „Застава 128"

Член 1

Се отстапува без надоместок патничкото моторно возило „Застава 128" на Јавното претпријатие за станбен и деловен простор на Република Македонија - Подрачна единица Велес.

Член 2

Возилото е со број на шасија VX 1128A0005073939, број на мотор 128A0640777569 и произведено 1985 година.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила осум дена по денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1887/9
28.09.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

85.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови на Училишниот одбор на ОМУ "Киро Димов"Велес

Се прогласува Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови на Училишниот одбор на ОМУ "Киро Димов" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.09.2004 година.

Број 0801-1894/15
30 септември 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 109 од Законот за основно образование (пречистен текст) ("Сл.весник на РМ" бр.52/02), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.04.2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови во Училишниот одбор на ОМУ "Киро Димов" Велес

1. Од членови во Училишниот одбор на ОМУ "Киро Димов" од Велес се разрешуваат:

-Панче Иванов - професор

-Ѓорѓи Каракачанов - член на Советот на Општина Велес

2. За членови во Училишниот одбор на ОМУ "Киро Димов" од Велес се именуваат:

- Елена Андова - воспитач во Детска градинка

-Маргарета Роман - професор по македонски јазик

3. Членовите на Училишниот одбор се именуваат за период од 4 години.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1887/16
28.09.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

86.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови на Училишниот одбор на ПОУ "Маца Овчарова" Велес

Се прогласува Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови на Училишниот одбор на ПОУ "Маца Овчарова" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 08 јули 2004 година.

Број 0801-1894/16
30 септември 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 109 од Законот за основно образование (пречистен текст) ("Сл.весник на РМ" бр.52/02), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.09.2004 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови во Училишниот одбор на ПОУ "Маца Овчарова" Велес

1. Од членови во Училишниот одбор на ПОУ "Маца Овчарова" од Велес се разрешуваат:

-Кичуков Тодор - професор

-Тања Карбева - професор

2. За членови во Училишниот одбор на ПОУ "Маца Овчарова" од Велес се именуваат:

- Зоран Тодоров - Народна техника

- Миле Мацаров - Црвен крст

3. Членовите на Училишниот одбор се именуваат за период од 4 години.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1887/17
28.09.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

87.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување

на Програмата за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28 септември 2004 година.

Број 0801-1894/1
30 септември 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 43,од Законот за градежно земјиште („Сл.весник на РМ" бр.33/01) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.09.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година

1. Се усвојува Програмата за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1887/2
28.09.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

Врз основа на член 43 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ"бр.53/01) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.09.2004 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година

1.Во Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година ("Службен гласник на Општина Велес" бр. 9/03, 1/04, 2/04 и 3/04) се врши измена:

во глава V. - Извори на финансирање, во точката - Вкупно 1-8, бројот "8" се заменува со бројот "9", во колона "износ "бројот "62.916.000,оо" се брише и се заменува со бројот "52.141.406,оо", или поединечно како следи:

-Во точка 1 - Средства од надоместокот за уредување на градежно земјиште, во колона "износ "бројот "14.000.000,оо" се брише и се заменува со бројот "11.500.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "22.25%" се брише и се заменува со "22.23%",

-Во точка 2 - Средства од надоместокот за одржување на уредено градежно земјиште, во колона "износ "бројот "10.000.000,оо" се брише и се заменува со бројот "8.000.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "15.89%" се брише и се заменува со "15.46%",

-Во точка 3 - Средства од надоместокот за користење на такси станици, во колона "износ "бројот "400.000,оо" се брише и се заменува со бројот "300.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "0.64%" се брише и се заменува со "0.58%",

-Во точка 5 - Средства од побарувања од минати години, во колона "износ "бројот "1.516.000,оо" се брише и се заменува со бројот "300.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "2.41%" се брише и се заменува со "0.58%",

-Во точка 6 - Средства од Републиката - средства од Фонд за магистрални и регионални патишта, во колона "износ "бројот "15.100.000,оо" се брише и се заменува со бројот "14.000.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "24.00%" се брише и се заменува со "27.06%",

-Во точка 6 - Средства од Републиката - други средства од Републиката , во колона "износ "бројот "11.000.000,оо" се брише и се заменува со бројот "6.970.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "17.48%" се брише и се заменува со "13.47%",

-Во точка 7 - Други приходи (тендери, фактури и др.), во колона "износ "бројот "500.000,оо" се брише и се заменува со бројот "611.406,оо", а во колоната "структура %" бројот "0.79%" се брише и се заменува со "1.17%",

-Во точка 8 - Приходи од јавно осветлување на Општина Велес, во колона "износ "бројот "9.500.000,оо" се брише и се заменува со бројот "8.160.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "15.10%" се брише и се заменува со "15.77%", и се врши дополнување со нова точка:

-точка 9 - Средства од продажба на утоварувач и камион, во колона "износ "се додава бројот "1.400.000,оо", а во колоната "структура %" се додава бројот "2.71%".

во глава V. - Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште во точката - Вкупно 1-16, бројот "16" се заменува со бројот "14", во колона "износ "бројот "62.916.000,оо" се брише и се заменува со бројот "52.141.406,оо", или поединечно како следи и тоа:

-Во точка I - Изработка на техничка документација, во колоната "износ" бројот "665.000,оо" се брише и се заменува со бројот "505.810,оо", а во колоната "структура %" бројот "1.06%" се брише и се заменува со "0.98%" или поединечно како следи,

-во позицијата"1. Урбанистички проекти и ДУП-ови, во колоната "износ" бројот "150.000,оо" ден. се брише и се заменува со бројот "197.560,оо" ден. и во колоната "структура%" бројот "22,56%" се брише и се заменува со бројот "39,06".

- во позицијата"2. Идејни и главни проекти - Проекти за 2 моста во Превалец, во колоната "износ" бројот "165.000,оо" ден. се брише и се заменува со бројот "158.250,оо" ден. и во колоната "структура%" бројот "24,81%" се брише и се заменува со бројот "31,29".

- позицијата "2. Идејни и главни проекти - Конкурс за Градски Саат (идеен проект), се брише во целост,

-во позицијата"3. Проекти за инфраструктурата, во колоната "износ" бројот "250.000,оо" ден. се брише и се заменува со бројот "150.000,оо" ден. и во колоната "структура%" бројот "37,59%" се брише и се заменува со бројот "29,66".

-Во точка II - Уредување на плоштади, во колоната "износ" бројот "2.100.000,оо" се брише и се заменува со бројот "2.389.698,оо", а во колоната "структура %" бројот "3.34%" се брише и се заменува со "4.62%",

- во позицијата"1. Плоштад на спојот на ул. "Андон шурков" со ул. "Благој Ѓорев", во колоната "износ" бројот "1.200.000,оо" ден. се брише и се заменува со бројот "1.589.698,оо" ден. и во колоната "структура%" бројот "57,14%" се брише и се заменува со бројот "66,52",

-позицијата "2. Плоштад на Рацин (Гимназија), се брише во целост, и

-во позицијата"3. Уредување на плоштадка на десен тротоар на ул. "Благој Ѓорев", во колоната "износ" бројот "500.000,оо" ден. се брише и се заменува со бројот "800.000,оо" ден. и во колоната "структура%" бројот "23,81%" се брише и се заменува со бројот "33,48",

-Во точка III - Изградба на улици, во колоната "износ" бројот "6.635.000,оо" се брише и се заменува со бројот "3.553.798,оо", а во колоната "структура %" бројот "10.55%" се брише и се заменува со "6.87%",

- позициите "1, 3, 4, и 5", се бришат во целост, и

-во позицијата"6. ул."Луј Пастер", во колоната "износ" бројот "1.100.000,,оо" ден. се брише и се заменува со бројот "1.364.080,оо" ден. и во колоната "структура%" бројот "16,58%" се брише и се заменува со бројот "3838".

-во позицијата"7. Дел од ул."11-ти Октомври", во колоната "износ" бројот "462.000,,оо" ден. се брише и се заменува со бројот "412.418,оо" ден. и во колоната "структура%" бројот "6,96%" се брише и се заменува со бројот "11,60".

- во позицијата"8. Дел од ул."Ленинова", во колоната "износ" бројот "435.000,,оо" ден. се брише и се заменува со бројот "517.690,оо" ден. и во колоната "структура%" бројот "6,56%" се брише и се заменува со бројот "14,57".

-во позицијата"9. Дел од ул."Костурска", во колоната "износ" бројот "288.000,,оо" ден. се брише и се заменува со бројот "313.910,оо" ден. и во колоната "структура%" бројот "4,34%" се брише и се заменува со бројот "8,83".

- во позицијата"10. УЗУС - Индустриска зона", во колоната "износ" бројот "250.000,,оо" ден. се брише и се заменува со бројот "245.700,оо" ден. и во колоната "структура%" бројот "3,77%" се брише и се заменува со бројот "6.91".

-Во точка IV - Одржување на улици, во колоната "износ" бројот "2.220.000,оо" се брише и се заменува со бројот "1.366.801,оо", а во колоната "структура %" бројот "3,53%" се брише и се заменува со "2.62%",

- позициите "2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9" се бришат во целост,

- во позицијата "10. Улици во МЗ "Родна Ивева" - бетонирање " во колоната "износ" бројот "70.000,оо" се брише и се заменува со бројот "56.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "3,15%" се брише и се заменува со "4.10%".

- во позицијата "12. ул. "Страшо Пинџур" - асфалтирање" во колоната "износ" бројот "300.000,оо" се брише и се заменува со бројот "710.801,оо", а во колоната "структура %" бројот "13,51%" се брише и се заменува со "52.00%".

-Во точка V - Изградба на тротоари, во колоната "износ" бројот "2.275.000,оо" се брише и се заменува со бројот "285.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "3,62%" се брише и се заменува со "0.55%",

- позициите "1, 2, 3, 4, и 7 " се бришат во целост,

-Точката VI - Одржување на тротоари, - со позициите "1, и 2, " се бришат во целост,

-Во точка VII - Изградба и одржување на потпорни ѕидови, во колоната "износ" бројот "5.620.000,оо" се брише и се заменува со бројот "100.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "8.93%" се брише и се заменува со "0.19%",

- позициите "1, 2, 3, 4, и 5" се бришат во целост,

-Во точка VIII - Изградба на спортски терени, паркови и детски игралишта, во колоната "износ" бројот "630.000,оо" се брише и се заменува со бројот "1.500.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "1.00%" се брише и се заменува со "2.88%",

- позициите "1 и 3" се бришат во целост,

- во позицијата "2.Парк Железен Мост - уредување" во колоната "износ" бројот "300.000,оо" се брише и се заменува со бројот "1.500.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "47,62%" се брише и се заменува со "100.00%".

-Во точка IX - Одржување на спортски терени, паркови и детски игралишта, во колоната "износ" бројот "300.000,оо" се брише и се заменува со бројот "50.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "0.48%" се брише и се заменува со "0.10%",

- позициите "1 и 2" се бришат во целост,

-во позицијата "3.Урбана опрема - одржување" во колоната "износ" бројот "150.000,оо" се брише и се заменува со бројот "50.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "50,00%" се брише и се заменува со "100.00%".

-Точката X - Изградба на на фекална и атмосверска канализација , - со позициите "1, и 2, " се бришат во целост,

-Во точка XI - Разни зафати (изградба и одржување), во колоната "износ" бројот "7.530.000,оо" се брише и се заменува со бројот "6.157.113,50", а во колоната "структура %" бројот "11,97%" се брише и се заменува со 11.81%",

- позициите "1, 3, 8, 9, 11, 14, 15 и 19" се бришат во целост

-се додава нова потпозиција во позицијата 2 " *Разладна мортална комора" со вредност "180.000,оо" ден. во колоната "износ", и процент "2,92" во колоната "структура %".

- во позицијата "4.Фонтани во градот" во колоната "износ" бројот "150.000,оо" се брише и се заменува со бројот "50.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "1,99%" се брише и се заменува со "0.81%".

-во позицијата "5.Метални огради и ракохвати - изработка и поставување" во колоната "износ" бројот "150.000,оо" се брише и се заменува со бројот "50.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "1,99%" се брише и се заменува со "0.81%".

-во позицијата "6.Урбана опрема - набавка" во колоната "износ" бројот "250.000,оо" се брише и се заменува со бројот "520.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "3,32%" се брише и се заменува со "8.45%".

-во позицијата "7.Уредување на Месни заедници - Славе Петков" во колоната "износ" бројот "150.000,оо" се брише и се заменува со бројот "120.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "1,99%" се брише и се заменува со "1.95%".

- во позицијата "13.Пошумување" во колоната "износ" бројот "100.000,оо" се брише и се заменува со бројот "50.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "1,33%" се брише и се заменува со "0.81%".

-во позицијата "17. Изградба на споменик на Панко Брашнар" во колоната "износ" бројот "900.000,оо" се брише и се заменува со бројот "1.095.665,оо", а во колоната "структура %" бројот "11,95%" се брише и се заменува со "17.80%".

-во позицијата "18.Сценски sид на Амфитеатарот (Младински Парк)" во колоната "износ" бројот "200.000,оо" се брише и се заменува со бројот "331.448,5о", а во колоната "структура %" бројот "2,66%" се брише и се заменува со "5,38%".

-Во точка XII - Редовно одржување на комунални објекти, во колоната "износ" бројот "20.831.000,оо" се брише и се заменува со бројот "22.970.807,50", а во колоната "структура %" бројот "33,11%" се брише и се заменува со 44,05%",

- позициите "4 и 9" се бришат во целост

-во позицијата "1.Редовно одржување на комунални објекти и непредвидени работи" во колоната "износ" бројот "1.500.000,оо" се брише и се заменува со бројот "700.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "7,20%" се брише и се заменува со "3.05%".

-во позицијата "2.Чистење на јавно-прометни површини и одржување на градско зеленило" во колоната "износ" бројот "7.200.000,оо" се брише и се заменува со бројот "4.245.032,оо", а во колоната "структура %" бројот "34,56%" се брише и се заменува со "18.48%".

-во позицијата "3.Сообраќајна и вертикална сигнализација" во колоната "износ" бројот "1.000.000,оо" се брише и се заменува со бројот "1.200.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "4,80%" се брише и се заменува со "5.22%".

- во позицијата "5.Плаќање на извршени работи од претходни години" во колоната "износ" бројот "9.431.000,оо" се брише и се заменува со бројот "14.900.334,5о", а во колоната "структура %" бројот "45,27%" се брише и се заменува со "64.87%".

-во позицијата "6. Останати трошоци" во колоната "износ" бројот "900.000,оо" се брише и се заменува со бројот "1.775.441,оо", а во колоната "структура %" бројот "4,32%" се брише и се заменува со "7.73%".

-во позицијата "8. Одржување на возила" во колоната "износ" бројот "500.000,оо" се брише и се заменува со бројот "100.000,оо", а во колоната "структура %" бројот "2,40%" се брише и се заменува со "0,44%".

-Во точка XIII - Учество во изградба на комунални објекти во други наелени места во Општина Велес, во колоната "износ" бројот "2.150.000,оо" се брише и се заменува со бројот

"1.700.000,00", а во колоната "структура %" бројот "3,42%" се брише и се заменува со 3,26%",

-Во точка XIV - Изградба на локални патишта, во колоната "износ" бројот "1.700.000,оо" се брише и се заменува со бројот "1.502.378,00", а во колоната "структура %" бројот "2,70%" се брише и се заменува со 2,88%",

- позицијата "2" се брише во целост,

-во позицијата "1.Асфалтирање на патот за с.Црквино" во колоната "износ" бројот "1.500.000,оо" се брише и се заменува со бројот "1.502.378.,оо", а во колоната "структура %" бројот "88,24%" се брише и се заменува со "100.00%".

-Во точка XV - Одржување на локални патишта, во колоната "износ" бројот "400.000,оо" се брише и се заменува со бројот "1.900.000,00", а во колоната "структура %" бројот "0,64%" се брише и се заменува со 3,64%",

-во позицијата "2.Редовно инвестиционо одржување на локални патишта" во колоната "износ" бројот "100.000,оо" се брише и се заменува со бројот "1.600.000.,оо", а во колоната "структура %" бројот "25,00%" се брише и се заменува со "84.21%" и се додава нова потпозиција "Локален пат кон с.Иванковци".

-Во точка XVI. - Јавно осветлување, во колоната "износ" бројот "9.500.000,оо" се брише и се заменува со бројот "8.160.000.,оо", а во колоната "структура %" бројот "15,10%" се брише и се заменува со "15.65%"

-се бришат позициите: "Осветлување на крак на ул. "Живко Фирфов " со вредност од 140.000,оо ден. и процент од 7,37% "*Осветлување на Железен Мост - амбиентално " со вредност од 250.000,оо ден. и процент од 13,16%"*Комплекс УЗУС - малостопанственици " со вредност од 200.000,оо ден. и процент од 10,53%"*с.Кумарино " со вредност од 80.000,оо ден. и процент од 4,21%"*Спомен Костурница - осветлување " со вредност од 100.000,оо ден. и процент од 5,26%".

-во позицијата "2.Одржување на јавното осветлување" во колоната "износ" бројот "300.000,оо" се брише и се заменува со бројот "20.000.,оо", а во колоната "структура %" бројот "3,16%" се брише и се заменува со "0.25%г

-во позицијата "3.Набавка на репроматеријали" во колоната "износ" бројот "1.500.000,оо" се брише и се заменува со бројот "1.308.714,5о", а во колоната "структура %" бројот "15,79%" се брише и се заменува со "16.04%"

2.Во глава VI , по член 9 се додава нов член 10 кој гласи:

"Советот на Општина Велес може да донесе Одлука за делумно или целосно ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за објект од јавен интерес", а броевите на наредните членови се зголемуваат за еден.

3.Оваа Програма влегува во сила на денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1887/2
28.09. 2004 год.
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

88.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за зимско одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2004/2005 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програмата за зимско одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2004/2005 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28 септември 2004 година.

Број 0801-1894/2
30 септември 2004 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),.

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.09.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за зимско одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2004/2005 година

1. Се усвојува Програмата за зимско

одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2004/2005 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1887/3
28.09.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

Согласно член 56 и 60 од Законот за јавните патишта ("Службен весник на РМ" бр.26/96 и 40/99), а врз основа на член 15 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.14/98), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр. 1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 28. 09 . 2004 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за зимско одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2004/2005 година

Со оваа Програма се уредуваат работите за зимското одржување на локалните патишта и улиците, делниците од магистралните и регионалните патишта кои минуваат низ населените места а се изградени како улици, како и работите за одржување на комуналните објекти, тротоарите (и велосипедските патеки) на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2004/2005 година.

Јавни патишта на подрачјето на Општина Велес се локалните патишта и улиците. Во улици спаѓаат и делниците од магистралните и регионалните патишта кои поминуваат низ населените места како изградени улици.

I.Работи на зимско одржување на локалните патишта и улиците се:

-чистење снег и мраз од коловозот, комуналните објекти, тротоарите и велосипедските патеки;

- посипување на коловозот со сол или абразивни средсетва во осојничавите места, мостовите, делниците со поголеми наклони на патот, како и на други места во случај на појава на мраз на коловозот.

- предвидување превентивно-заштитни мерки во високата зона на градот во смисла на поставување на ракохвати по тесните стрмни улички и сл.

Работите на зимското одржување на локалните патишта и улици се изведуваат на начин кој има за цел да обезбеди постојана проодност во зависност од утврдениот приоритет произлезен од категоријата и значајот на локалниот пат или улица.

По исклучок кога работите на локалниот пат и улица неможат да се изведат под сообраќај, Одделението за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина на Општина Велес привремено, делумно или во целост ќе го запре сообраќајот и ќе утврди по кој друг пат и под кои услови ќе се одвива сообраќајот, по претходно известување во рок од 48 часа на корисниците на јавниот пат и улица преку средствата за јавно информирање.

Ако поради снег, голомразица или други причини сообраќајот на локалниот пат или улица е отежнат или безбедноста на сообраќајот е значително загрозена, надлежниот општински орган ќе превземе итни мерки за отстранување на пречките, а ако не е во состојба да ги отстрани пречките ќе го запре целиот сообраќај или само за одделни видови на возила, по претходно прибавена согласност од Министерството за транспорт и врски, односно надлежниот орган во Општината.

Во случаите кога прекинот на сообраќајот трае подолго од два часа надлежниот орган на Општината ќе ја извести јавноста преку средствата за информирање.
Надлежниот орган на Општината со сообраќајни знаци и на друг погоден
начин ќе ги означи условите и ќе утврди режим на сообраќај на локалниот пат или улица, во сите случаи кога постојат околности кои можат да го загрозат безбедното одвивање на сообраќајот.

Во случај на прекин на сообраќајот на јавен пат поради елементарни непогоди (снежни лавини,одрони од поголем обем или од други причини) надлежниот орган на општината ќе постапи врз основа на посебен план за отстранување на последиците од елементарни непогоди, што го донесува Советот на Општината.

II. Во зимското одржување на локалните патишта и улици ќе учествуваат надлежните општински органи со следните обврски:

1. Совет на Општина Велес

-донесува Програма за зимско одржување;

-донесува Посебен план за отстранување на последиците од елементарни непогоди.

2. Одделение за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина :

-го организира чистењето на снег и мраз од коловозот на локалните патишта и улиците, делниците од магистралните и регионалните патишта кои поминуваат низ населените

места како изградени улици; комуналните објекти, тротоарите и велосипедските патеки, како и посипувањето на коловозот со сол или абразивни средства;

- привремено, делумно или во целост го запира сообраќајот и утврдува по кој друг пат и под кои услови ќе се одвива сообраќајот кога работите неможат да се изведат под сообраќај;

-во рок од 48 часа пред запирањето на сообраќајот ги известува корисниците на локалниот пат и улица преку средствата за јавно информирање;

-презема итни мерки за отстранување на пречките при отежнато одвивање на сообраќајот или значителна загрозеност на безбедноста на сообраќајот или за запирање на сообраќајот на одредени делници или во целина по претходно прибавување на согласност од надлежниот државен или општински орган;

-ја известува јавноста преку средствата за јавно информирање за прекин подолг од два часа;

- постапува согласно Посебниот план за отстранување на последиците од елементарни непогоди, во случај на прекин на сообраќајот поради елементарни непогоди.

3. Комунален инспектор:

-надзор и контрола на чистењето на јавно-прометните површини и во зимскиот период.

4. Инспектор за сообраќај и патишта:

-надзор и контрола над целокупната состојба на локалните патишта и улици.

5.Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата:

-масовна едукација за мерките и активностите за унапредување на сообраќајната превентива и безбедноста во патниот сообраќај.

6. Општински штаб за цивилна заштита:

-активно учество во изготвувањето на Програмата, следење на нејзиното спроведување и на севкупната состојба во зимскиот период заради благовремено преземање на превентивни мерки за цивилна заштита, како и конкретни активности за соодветна дообука и подготвеност на екипите лицата од населените места кои што ќе вршат чистење и посолување.

III. Во зимското одржување на локалните патишта и улици ќе учествуваат и други органи и институции, и претпријатија со следните задачи:

1. Републички сообраќаен инспектор:

-надзор и контрола над мерките и активностите за безбедноста на сообраќајот на патиштата.

2. Центар за извесутавање и тревожење:

-се вклучува во извршувањето на Програмата во делот на информативниот систем за зимското одржување, и тоа само со помошна својата развиена радиостанична мрежа на подрачјето на Општината.

3. Сообраќајна полиција:

- покрај извршувањето на работите од својата надлежност, таа е еден од првичните извори на информации од теренот за состојбата на патиштата.

4. Јавно претпријатие за одржување на патишта "Македонија пат" - Скопје - Подружница Велес:

- ја извршува Програмата во целост во делот на улиците кои се определени како дел од регионален пат, а за локалните патишта и улици во висина на доверените работи согласно склучениот договор со ЕЛС Општина Велес - Одделение за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина и во согласност со постапките на зимското одржување на магистралните и регионалните патишта.

-Јавното претпријатие за одржување на патишта "Македонија пат" согласно Програмата за зимско одржување на магистрални и регионални патишта има обврска да извршува зимско одржување на следните улици и тоа само во делот на коловозната конструкција и сообраќајната сигнализација што е во функција на јавниот (регионален) пат.

Улична мрежа

1	"Димитар Влахов"	1,45 км.
2	"Иво Лола Рибар"	0,05 км.
3	"Петре Прличков"	0,20 км.
4	"Нишка"	0,15 км.
5	Стар Мост	0,06 км.
6	"Димко Најдов"	1,00 км.
7	"Илинденска"	0,15 км.
8	"Маршал Тито" - дел	0,59 км.
9	"Благој Ѓорев"	0,59 км.
10	"Гоце Делчев"	0,20 км
11	"Страшо Пинџур"	0,20 км
12	Алексо Демниевски до спојот со "Моша Пијаде"	0,60 км
13	"Моша Пијаде" до спојот со "Андон Шурков"	0,40 км
14	"Андон Шурков"	0,80 км
	Вкупно	**8.05 км**

-Јавното претпријатие за одржување на патишта "Македонија пат" согласно Договорот за зимско одржување на локални патишта и улици има обврска да извршува зимско одржување на следните улици и локални патишта:

Улична мрежа

1	"Вардарска" 0,85 км	
2	"Н.Н.Борче"	0,20 км
3	"Алексо Демниевски" од спојот со "Моша Пијаде" до Железничка станица	0,50 км
4	"Ленинова"	0,70 км
5	"Кумановска"	0,60 км
6	"Народен Фронт"	0,20 км
7	"Орце Мартинов" до спојот со "Самоборска"	0,20 км

8	"Самоборска"	0,25 км
9	"Тодор Јанев" до спојот со "Костурска"	0,40 км
10	"Костурска"	0,87 км
11	"Васил Ѓоргов" (цела до Којник)	0,70 км
12	"М.Тито"(Плоштад-С.Мост)	0,21 км
	Вкупно	**5,68 км**

Локални патишта

1.	"Р-103"- с.Башино Село	0,70 км
2.	"Р-103"-с.Отовица-с.Сујаклари - с.Кумарино - Јазла	8,10 км
3.	ул."Вардарска" - "Р-103" (заобиколен пат Велес - Башино Село)	2,80 км
4.	"Р-526" - с.Горно Оризари	1,40 км
5.	"М-5"-пат кон с.Д.Караслари	0,60 км
6.	"Р-526" - с.Мамутчево - с.Иванковци	10,00 км
	В к у п н о:	**23,60 км**

5. Заради потребата од ефикасно чистење на снегот, а имајќи ја во предвид ангажираноста на "Македонија пат" во чистење на патиштата од повисока категорија можна е потреба од дополнително ангажирање на други градежни машини, за што потребата ја утврдува надлежниот орган на општината. Другите градежни машини ќе бидат ангажирани од соодветни претпријатија за чистење и оспособување на асфалтните коловозни површини по претходно склучен договор врз основа на Законот за јавни набавки за следните локални патишта:

Локални патишта

1.	"Велес-с.Раштани-с.Бузалково"	9,00 км
2.	"Р-103"-Нас.Дурутовец - с.Чолошево	3,20 км
3.	"Р-103"- с.Црквино	3,47 км
	В к у п н о:	**23,60 км**

6. ЈКП"Дервен" се ангажира во зимското одржување на улиците согласно со Програмата за чистење на јавно-прометни површини и оваа Програма за следниве улици:

1.	"Ј.Х.К.Џинот"(до спојот со "Прохор Пчињски")	0,40 км
2.	"Прохор Пчињски"	0,50 км
3.	"Владимир Назор"	0,90 км
4.	"Кирил и Методиј"	0,50 км
5.	"Илинденска" само тротарите на мост "Гемиџии"	
6.	"Маршал Тито" тротоарот на левата страна: -од"Сармаале"до С.Куќа -Стопанска банка до С.Мост и Стар Мост	0,80 км
7.	"Благој Ѓорев" тротоарот на левата страна: -од Пошта до спој со ул."Ш Сали" -од ул."Љубљанска" до влезот на Касарната -од Домот на АРМ до влезот на Касарната	2,20 км
8.	"Алексо Демниевски" тротоарот од двете страни: -од почетокот до зградата на Општина Велес	1,10 км
9.	"Тодор Јанев" тротоарот од почетокот до Градинката	0,13 км
10.	"Вера Цири Вири"(до спојот со "Ј.Х.К.Џинот")	0,60 км
11.	"Киро Рогужаров"	0.25 км
12.	"Лазо Осмаков"	0.25 км
13.	"Лазо Осмаков" -"ПрвоМајска"	0.45 км
14.	"Киро Ќучук" до спојот со ул."Белградска".	0.30 км
15.	"Белградска" (угорнини)	0.15 км
16.	"Никола Оровчанец"	0,32 км
17.	"Љубен Весов" (од почетокот до Вила Зора)	0.45 км

IV. Во зимското одржување на локалните патишта, улици и други комунални објекти ќе се вклучат и:

1.ЈП "Електростопанство на Македонија"- Скопје Подружница "Електродистрибуција" Велес:

-ги превзема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електро инсталации, приодите и непосредната околина околу трафостаниците и другите уреди.

2. АД "Македонски телекомуникации" Регионален центар за телекомуникации - Велес:

-ги превзема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните ПТТ инсталации и уреди на телефонските говорници.

3. Превозниците во јавниот превоз (грдски и приградски):

-преземаат потребни мерки за отстранување на снегот и мразот од автобуските стојалишта и нивно оспособување за користење.

4. Граѓаните:

- го чистат снегот и голомразицата од тротоарите, патеките и приодите пред своите станбени згради и индивидуални куќи, а исто така и од покривите и терасите водејќи сметка за безбедноста на минувачите и исчистениот собран снег да обезбедува нормален и безбеден пешачки и друг вид на сообраќај.

5. Сопствениците и корисниците на деловни објекти и дуќани:

-го чистат снегот и голомразицата од тротоарите, патеките и приодите пред своите

деловни објекти и дуќани, при тоа водејќи сметка за безбедноста на минувачите и исчистениот собран снег да обезбедува нормален и безбеден пешачки и друг вид на сообраќај.

6. Други учесници:

-единиците на цивилна заштита, месните заедници, ученици и студенти и други екипи, како и сите други, во услови на прогласена елементарна непогода заедно дејствуваат според посебниот План за отстранување на последиците од елементарни непогоди донесен од страна на Советот на Општината.

7. Месните заедници во Општината:

- се должни да преземат одговорност во смисла: да ги известат надлежниот орган и граѓаните за настанатата состојба, потребата и начинот за остранувањето на снежните наноси , при тоа да ги активираат граѓаните од таа МЗ за да можат во договор со Општина Велес - Одделението за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина да преземаат конкретни работни задолженија и обврски во зимското одржување на патната мрежа, заради што поодделни месни заедници може да подигнат, складираат, чуваат и наменски да користат одредено количество на индустриска сол, со можност од задолжително учество со сопствена механизација и екипи во чистењето и посолувањето .

8. Сите учесници во извршувањето на доверените работи од зимското одржување на јавната патна мрежа, се должни до надлежниот општински орган да достават оперативна програма за својата подготвеност и опременост со механизација и извршители.

Број 0701-1887/3
28.09. 2004 год.
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

89.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за остварување на Буџетот на Општина Велес за периодот 01.01. до 17.09.2004 година

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Информацијата за остварување на Буџетот на Општина Велес за периодот 01.01. до 17.09.2004 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28 септември 2004 година.

Број 0801-1894/12
30 септември 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.09.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Иформацијата за остварување на Буџетот на Општина Велес за периодот од 01.01. до 17.09.2004 година

1. Се прифаќа Информацијата за остварување на Буџетот на Општина Велес за периодот од 01.01. до 17.09.2004 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1887/13
28.09.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

90.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за спроведувањето на Програмата за урердување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година за периодот 01.01. до 17.09.2004 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за спроведувањето на Програмата за урердување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за

2004 година за периодот 01.01. до 17.09.2004 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28 септември 2004 година.

Број 0801-1894/10
30 септември 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.09.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за спроведувањето на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за период јануари-јуни 2004 година

1.Се усвојува Извештајот за спроведувањето на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за периодот јануари-јуни 2004 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1887/11
01.04.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

91.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на ЈКП "Дервен" во првото полугодие од 2004 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на ЈКП "Дервен" за првото полугодие од 2004 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28 септември 2004 година.

Број 0801-1894/11
30 септември 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.09.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за работата на ЈКП „Дервен" во првото полугодие до 2004 година

1.Се усвојува Извештајот за работата на ЈКП „Дервен" во првото полугодие од 2004 година.

1.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1887/12
28.09.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

92.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за работењето на комуналниот инспектор во периодот од 1-ви јануари до 30-ти јуни 2004 година

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Информацијата за работењето на комуналниот инспектор во периодот од 1-ви јануари до 30-ти јуни 2004 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата

одржана на 28 септември 2004 година.

Број 0801-1894/13
30 септември 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.09.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Информацијата за работата на комуналниот инспектор во периодот од 1-ви јануари до 30-ти јуни 2004 година

1.Се прифаќа Информацијата за работата на комуналниот инспектор во преиодот од 1-ви јануари до 30-ти јуни 2004 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1887/14
28.09.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

93.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за работата на Центарот за информирање на граѓаните за периодот од 01.01.2004 до 30.08.2004 година

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Информацијата за работата на Центарот за информирање на граѓаните за периодот од 01.01.2004 до 30.08.2004 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28 септември 2004 година.

Број 0801-1894/14
30 септември 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.09.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Информацијата за работата на Центарот за информирање на граѓаните за периодот од 01.01.2004 до 30.08.2004 година

1.Се прифаќа Информацијата за работата на Центарот за информирање на граѓаните за периодот од 01.01.2004 до 30.08.2004 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1887/15
28.09.2004 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

94.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Барањето на Тодор Сараулев од Велес

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Барањето на Тодор Сараулев од Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28 септември 2004 година.

Број 0801-1894/17
30 септември 2004 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.09.2004 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Барањето од Тодор Сараулев од Велес

1.Се прифаќа Барањето од Тодор Сараулев од Велес за ослободување од плаќање на законска затезна камата.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1887/18
28.09.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Стеванка Богоевска с.р.

95.

Врз основа на член 43, став 1, а во врска со член 45 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Комисијата за давање предлози за избор, именување и мандатни прашања на Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 27.08.2004 година, донесе

О Д Л У К А
за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес и на избраните и именуваните лица во постојаните одбори и комисии

Член 1

На членовите на Советот на Општина Велес им се определува надоместок за присуство на одржана седница на Советот на Општина Велес, без оглед на траењето на седницата во износ од 30% од просечната месечна плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци и надоместок за патни и дневни трошоци во висина од 8% од просечната исплатена месечна нето плата за последните три месеци во Република Македонија.

Член 2

За месецот кога не се одржува седница на Советот на Општина Велес, на членовите на Советот на Општина Велес им се определува надоместок за вршење на функцијата член на Советот, работа во работните тела на Советот на Општината (разгледување и проучување на материјали за Советот, давање на предлози и иницијативи, контактирање со институции и граѓани, посета на месни заедници, здруженија на граѓани и вршење на други активности кои произлегуваат од правата и должностите на членовите на Советот определени со Закон и Статутот на Општината) во износ од 5.000,оо денари.

Член 3

На претседателот на Советот на Општина Велес му се определува месечен надоместок на трошоците во износ од 9.000,оо денари.

Член 4

На членовите на работните тела на Советот на Општина Велес, за присуство и работа на седниците на работните тела им се определува надоместок во износ од 8% од просечната месечна плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци.

Член 5

На членовите на Советот, определени за склучување на бракови им се определува надоместок во износ од 500,оо денари, за секој ден на ангажираност за склучување на бракови, без оглед на тоа колку бракови членот склучил тој ден.

Член 6

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес за месец јули 2004 година („Сл.гласник на Општина Велес" бр.4/04).

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Велес".

Број 1001-1668/3
01.09.2004 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за давање предлози
за избор, именување и мандатни прашања,
Марјанчо Николов с.р.

Бр на акт	Содржина	Страница
78	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за поставување споменик на Велешките илинденци**	121
	О Д Л У К А за поставување споменик на Велешките илинденци	
79	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за купувањенедвижен имот-куќа**	122
	О Д Л У К А За купување недвижен имот - куќа	
80	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за востановување 9-то ноемвриски награди и признанија на Општина Велес**	123
	О Д Л У К А за изменување и дополнување на Одлуката за востановување и доделување 9-то ноемвриски награди и признанија на Општина Велес	
81	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување**	123
	О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес (пречистен текст)	
82	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на нов објект на театар во Велес**	123
	О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес (пречистен текст)	
83	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на училишна зграда во населено место с.Горно Оризари**	124
	О Д Л У К А за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на училишна зграда во населено место Горно Оризари	
84	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за преотстапување на основно средство патничко моторно возило "Застава 128"**	125
	О Д Л У К А за преотстапување без надоместок на патничко моторно возило „Застава 128”	
85	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови на Училишниот одбор на ОМУ "Киро Димов"Велес**	125

Бр на акт		Страница
	Р Е ШЕ Н И Е за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови во Училишниот одбор на ОМУ "Киро Димов" Велес	
86	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови на Училишниот одбор на ПОУ "Маца Овчарова" Велес**	126
	Р Е ШЕ Н И Е за разрешување и именување на претставници од Единицата на локалната самоуправа за членови во Училишниот одбор на ПОУ "Маца Овчарова" Велес	
87	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година**	126
	З А К Л У ЧО К за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година	
	П Р О Г Р А М А за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година	
88	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за зимско одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2004/2005 година**	130
	З А К Л У ЧО К за усвојување на Програмата за зимско одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2004/2005 година	
	П Р О Г Р А М А за зимско одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2004/2005 година	
89	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за остварување на Буџетот на Општина Велес за периодот 01.01. до 17.09.2004 година**	134
	З А К Л У ЧО К за прифаќање на Иформацијата за остварување на Буџетот на Општина Велес за периодот од 01.01. до 17.09.2004 година	
90	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за спроведувањето на Програмата за урердување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2004 година за периодот 01.01. до 17.09.2004 година**	134
	З А К Л У ЧО К за усвојување на Извештајот за спроведувањето на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за период јануари-јуни 2004 година	

Бр на акт **Страница**

91	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на ЈКП "Дервен" во првото полугодие од 2004 година**	135
	З А К Л У ЧО К за усвојување на Извештајот за работата на ЈКП „Дервен" во првото полугодие до 2004 година	
92	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за работењето на комуналниот инспектор во периодот од 1-ви јануари до 30-ти јуни 2004 година**	135
	З А К Л У ЧО К за прифаќање на Информацијата за работата на комуналниот инспектор во периодот од 1-ви јануари до 30-ти јуни 2004 година	
93	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Информацијата за работата на Центарот за информирање на граѓаните за периодот од 01.01.2004 до 30.08.2004 година**	136
	З А К Л У ЧО К за прифаќање на Информацијата за работата на Центарот за информирање на граЃаните за периодот од 01.01.2004 до 30.08.2004 година	
94	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Барањето на Тодор Сараулев од Велес**	136
	З А К Л У ЧО К за прифаќање на Барањето од Тодор Сараулев од Велес	
95	**О Д Л У К А за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес и на избраните и именуваните лица во постојаните одбори и комисии**	137

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, одговорен уредник Петре Најдов

телефон:232-966, Жиро-сметка 300-27000000-48